на византискиот цар Василиј II, како и за Турско-грчката војна од 1897 година. Кон ова се приложени и прегледни карти за илустрирање на воените настани.

„Деталниот опис на Македонија“ претставува студија со многу богати и корисни податоци, што може да послужи за подобро запознавање на нашата земја, како и за согледување на изминатиот пат во нашиот развиток. Книгата изобилува со многу илустрации на разни предели и објекти, како и со многубројни топоними, посебно турски, што ја зголемува вредноста на книгата.

*Н. ВЕЛЈАНОВСКИ*

# СКОПСКИТЕ УЧИЛИШТА ВО ПРВИТЕ ГОДИНИ ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

(Осврт врз некои документи од Скопската егзархиска митрополија)

Илинденското востание оставило крупен белег и врз просветната политика и дејност на Отоманската Империја и на другите соседни земји. Особено е за одбележување пропагандната дејност на соседните земји во Македонија. Согледувајќи ја нововонастанатата положба по Илинденското востание, тие настојувале на најразновидни начини да го прошират своето пропагандно влијание врз македонското население. Отворањето нови училишта и обновувањето и засилувањето на веќе постојните, во кои требало да се учи на јазикот на соодветната пропаганда, секако било најпогодна и дотогаш веќе испробана форма.

Во овој поглед бугарската Егзархија заземала видно место и, може да се рече, имала првостепена улога во спроведувањето на бугарската пропаганда во Македонија. Ова се гледа од големиот број егзархиски училишта што постоеле во Македонија. Бројот егзархиски училишта постојано се зголемувал. Тие биле доста разновидни. Постоеле основни, средни, средно-стручни и други егзархиски училишта во кои наставата се изведувала исклучително на бугарски јазик. Меѓу егзархиските училишта едни од најбројните биле скопските училишта.

На Егзархијата, како главен носител на бугарската просветна пропаганда во Македонија, не ѝ одело во прилог отворањето училишта на другите пропаганди, па поради тоа настојувала да го оневозможува нивното работење. Но, и покрај тоа, во Македонија се отворале и работеле училишта и од другите пропаганди. Поради својот интерес, бугарската Егзархија го евидентирала и постоењето на училишта на другите соседни пропаганди што дејствувале во Македонија. Забележено е дека по Илинденското востание е нараснат бројот на неегзархиските пропагандни училишта, а освен

нив и турската власт презела поенергични мерки во поглед на проширувањето на турските училишта.

Бугарската влада во Македонија често се појавувала како „единствен заштитник“ на македонскиот народ, што, како што е познато, го нарекувала бугарски народ. За таа цел, преку Егзархијата, поставиле примат над просветната политика во Македонија. Сите други училишта што ги отворале другите пропаганди, иако биле толерирани од Отоманската Империја, Егзархијата ги сметала за непотребни и го кочела нивниот развиток. За да се постигне тоа, митрополиите биле задолжени и да ги евидентираат другите училишта, а по потреба и условите на нивната работа, бројната положба и сè друго што се однесува до работата на тие училишта. Таквите податоци им служеле и на бугарските просветни власти за разработка на просветната дејност во Македонија, која, со пропагандна цел, ја преземале другите земји, како Србија, Грција, Романија и др.

Според еден преглед изработен од Скопската егзархиска митрополија, во времето од 1904 до 1906 година во Скопје работеле 25 разновидни неегзархиски училишта.[1]) Овие училишта, по полот на учениците што ги посетувале, биле машки, женски и мешани училишта и едно машко воено. Работеле 12 машки, 4 женски, 8 мешани училишта и веќе спомнатото машко воено училиште. Според степенот на образованието што се стекнувало во нив, се делеле на седмокласни гимназии, стручни училишта и основни училишта. Постоеле 3 седмокласни гимназии, 3 стручни училишта и 19 основни училишта.

Наставата во училиштата се изведувала на различни јазици, во зависност од тоа на која пропаганда ѝ припаѓало соодветното училиште. Така, застапени биле училишта во кои наставата се изведувала на српски, грчки, влашки, еврејски и турски јазик. Овде може да се вброи и основното конзулатско училиште на Австрискиот конзулат во Скопје, како и две други училишта од кои во едното наставата се изведувала на латински, а во другото на италијански јазик.

Училиштата на српската пропаганда во Скопје биле меѓу најмногубројните, додека училиштата од другите пропаганди биле помалку,. Во однос на степенот на образованието најмногу биле основните училишта.

## Основни училишта

Основните училишта што ѝ припаѓале на српската пропаганда биле мешани од машки и женски деца. Во Скопје работеле 4 основни училишта од ваков вид. Од сите нив ниедно немало соп-

---

[1]) Архив на Македонија — Скопје, фонд: Скопска митрополија, Кутија 1. Списък на смесѐните и народните училища в Скопйе.

ствени простории за работа, но работеле во простории земани под наем. Вкупниот број ученици во основните српски училишта изнесувал 207, од кои 127 машки и 85 женски.[2]) Наставата во основните српски училишта ја изведувале 9 учители со завршено средно образование.

Во Скопје работело само едно грчко основно училиште. Тоа било всушност училиште организирано од грчката пропаганда која во Скопје не била толку влијателна во споредба со бугарската и српската. Работело во сопствени простории. Го посетувале 273 ученици, од кои 125 машки. Ова училиште го посетувале и 11 еврејски деца, а само двајца ученици биле од муслиманска припадност. Наставата во училиштето ја изведувале 8 учители со завршено средно образование во Солун.

Влашкото основно училиште било отворено и издржувано од романската пропаганда во Македонија, која имала интерес, поради Власите кои живееле во Македонија. Ова училиште работело во сопствени простории. Го посетувале релативно мал број ученици, и тоа вкупно 42, од кои 22 машки и 20 женски. Наставата во училиштето ја изведувале 4 учители со завршено средно образование во Солун и Битола.

Машкото еврејско основно училиште го посетувале 136 ученици, од кои само еден ученик од муслиманската припадност, а другите биле еврејски деца. И ова училиште работело во сопствени простории додека наставата ја изведувале 6 учители со завршено средно образование во Солун и Битола.

Машкото италијанско основно училиште работело во простории земени под наем за 18 турски лири. Училиштето го посетувале 10 ученици претежно еврејски деца, а само 2 ученици од муслиманската припадност.

Во Скопје постоело само едно основно женско училиште. Ова било приватно училиште и неговото финансирање било обезбедувано од самите ученици. Финансиските придонеси на учениците зависеле од имотната состојба на семејствата на учениците. И ова училиште немало сопствени простории, туку работело во изнајмени простории, за кое плаќало кирија од 9 турски лири годишно. Наставата во училиштето ја изведувале 4 учителки со завршено средно образование во Солун. Училиштето го посетувале 73 ученички од муслиманска народност.

Освен приватното женско основно училиште, работеле и две други женски училишта што ги посетувале муслиманските женски деца, а нивното финансирање било обезбедувано од турската власт. Училиштата ги посетувале 200 ученички, а наставата ја изведувале три учителки што ја имале завршено скопската женска

---

[2]) Бројните податоци се земени само за 1906 година.

турска гимназија. Тие немале потребна педагошка наобразба, но по потреба ја изведувале наставата. Годишната плата на учителките во училиштето изнесувала 18—24 турски лири.

Машките основни училишта биле турски државни училишта. Нивното издржување паѓало на товар на турската власт, поради тоа што всушност биле официјални турски училишта. Нив ги посетувале вкупно 580 ученици, и тоа исклучително од муслиманска припадност. Наставата во училиштата ја изведувале 11 учители чијашто плата изнесувала 12—30 турски лири. Степенот на нивното образование во прегледот не е прикажан, но, според примањата што ги имале, може да се заклучи дека наставата ја изведувале учители со средно образование и со неполно средно образование.

Покрај споменатото женско основно приватно училиште, евидентирани се уште две приватни мешани училишта. Нивната работа била финансирана од самите ученици, а плаќањето се вршело според имотната состојба на ученичките семејства. Приватните училишта работеле во вакуфски простории, од што произлегува дека имале верски карактер. Ги посетувале 305 ученици, претежно од муслиманска припадност, додека од другите народности бројот бил минимален. Наставата во приватните мешани училишта ја изведувале учители со завршено второкласно нормално училиште во Скопје. Годишната плата на учителите изнесувала 18—92 турски лири. Овие училишта биле управувани од приватни лица што го носеле името директор. Директори на споменатите мешани основни училишта биле Едеб Садик и Фаик-ефенди.

Од основните училишта што работеле во Скопје во овој период треба да се спомене и основното училиште на Австриското конзулство во Скопје. Ова училиште немало пропаганден карактер, но го оформило и финансиски одржувало Австриското конзулство за да го посетуваат децата на конзуларните службеници и претставници во Конзулството, како и службениците во железничката колонија во Скопје.

## Гимназии

Во времето од 1904—1906 година во Скопје работеле и 4 гимназии: Машката седмокласна гимназија што ѝ припаѓала на српската пропаганда, Женската гимназија, Седмокласната турска државна гимназија и Женското трикласно училиште.

Гимназијата, што ѝ припаѓала на српската пропаганда, работела во свои сопствени простории, а ја посетувале 73 ученици. Наставата ја изведувале 11 учители со завршено више образование во Белград. Што се однесува до примањата на учителите, тие биле одредувани во зависност од годините на служба, како и од тоа дали имале положено стручен испит за струката.

Женската седмокласна српска гимназија немала сопствени простории, но наставата се изведувала во простории земени под наем. И оваа гимназија, како и претходната, била одржувана од српската пропаганда. Наставата ја посетувале 143 ученички, а ја изведувале 6 учителки со завршено више образование во Белград. Меѓутоа, поради недостиг на наставен кадар, дополнување на часовите вршеле и учителите што предавале во Машката седмокласна гимназија. Примањата на наставниците што работеле во Женската српска гимназија, исто како и кај Машката гимназија, биле зависни од годините поминати на служба и од стручниот испит.

Освен српските гимназии, во овој период во Скопје работела и Седмокласната турска државна гимназија. За неа, како и за другите училишта што ги финансирала турската власт, не може да се рече дека имаат исклучително пропанден карактер бидејќи биле отворани во рамките на просветната политика на Отоманската Империја во Македонија. Финансирањето на наставата во оваа гимназија било вршено од страна на турските власти. Била посетувана од муслимани и христијани, но поголемиот дел, 241 ученик, биле од муслиманска припадност, а само 61 христијани. Гимназијата работела во сопствени простории, а наставата ја изведувале вкупно 14 учители. Според степенот на образованието на учителите што ја изведувале наставата, нивниот број изгледал вака: еден со завршено образование во Галата Сарај, еден со универзитетско образование, девет со завршено образование во Нормалното училиште во Цариград, двајца со духовно образование и еден со средно образование. Годишните плати се движеле 48—216 турски лири, така што овие биле најдобро платени учители во Скопје.

Женското трикласно училиште што работело во Скопје, всушност, било женска муслиманска гимназија. Ова исто така било државно училиште, поради што финансирањето било вршено од турските просветни власти. Училиштето го посетувале 40 ученички исклучително од муслиманска припадност. Од трите учителки што ја изведувале наставата две имале завршено високо образование во Цариград, а нивната плата изнесувала од 60—80 турски лири.

## Стручни училишта

Во споменатиот период, во Скопје работеле три стручни училишта, и тоа: Муслиманското машко училиште, Второкласното нормално училиште и Военото петкласно училиште.

Муслиманското машко училиште било занаетчиско училиште и неговата намена била да ги оспособи учениците со некој занает. Поради тоа, ова училиште предимно го посетувале сиромашни ученици кои, поради материјалните можности, не биле во состојба да посетуваат друго училиште. Училиштето го посетувале 122 уче-

ници, во најголем број муслимански деца. Наставата во училиштето ја изведувале 8 учители со завршено средно образование, а нивната плата се движела 24—60 турски лири.

Второкласното нормално училиште всушност било педагошко училиште и оспособувало учители за основните училишта. Во ова училиште бил оспособен и наставниот кадар што ја изведувал наставата во основните муслимански училишта. Училиштето го посетувале 56 ученици од муслиманска припадност, а наставата во него ј изведувале учители со завршено средно и духовно училиште. Работеле 4 учители, а нивната годишна плата изнесувала од 36—92 турски лири. Второкласното нормално училиште немало сопствени простории, но работело во простории земени под наем за 24 турски лири.

Военото петкласно училиште, што работело во Скопје како државно училиште, било управувано и финансирано од турските воени власти. Неговото издржување го обезбедувала државната каса од буџетот наменет за воени потреби на Отоманската Империја. Наставата во училиштето ја изведувале активни офицери со завршено више воено училиште во Цариград, а биле плаќани како и другите офицери во војската. Училиштето го посетувале 140 ученици и тоа исклучително муслимани од машки пол.

Секако дека на бугарската Егзархија не ѝ било во интерес да расне бројот на неегзархиските училишта и поради тоа што претежно ги отворале соседните пропаганди со цел да го придобијат македонското население. Егзархиските митрополии собирале податоци и воделе евиденција дали населението на чијшто јазик се изведувала наставата во училиштата има сопствена општина, кој е претседател, колку куќи има од населението и колку ученици од нив се школуваат на мајчин јазик, а колку во егзархиските училишта, како и други поединости за работата на училиштето.

Така и Скопската егзархиска митрополија во спомнатиот преглед ги има опфатено сите податоци во врска со неегзархиските училишта што работеле во првите години по Илинденското востание. Во однос на Власите е прикажано дека тие се признати како посебна народност, но сите ученици од влашката припадност не ги школувале децата во влашкото училиште, туку еден голем број ги посетувале егзархиските училишта. Власите немале своја призната општина, а Евреите имале своја, Еврејска општина што била призната и од турската власт.[3])

Скопската егзархиска митрополија водела евиденција и за финансирањето на училиштата што не ѝ припаѓале на Егзархијата, а особено за финансирањето на училиштата од страна на Отоманската Империја. Сето тоа го правела во рамките на евиденци-

---

[3]) Прегледот содржи и други подетални податоци што не се од голем интерес за содржината на оваа статија.

јата што била потребна за следење на положбата со другите училишта што не ѝ припаѓале на Егзархијата. Во прегледот е прикажан износот на средствата што ги двоеле турските власти, како и вкупниот износ на средствата наменети за просветна дејност.

Средствата, односно приходите на Дирекцијата за просветување на Косовскиот вилает за 1904 година изнесувале 26 000 турски лири, а за 1905 и 1906 година тој приход е намален поради тоа што се изменил системот на собирање на турскиот данок. Скопскиот округ за 1904 година имал приход од 12 000 турски лири, а за 1905 и 1906 година тој приход е намален за 1 000 лири поради истите причини.

Бројот на егзархиските училишта, како и оние што не ѝ припаѓале на Егзархијата, од година во година се менувал, но останува да се одбележи фактот дека до балканските војни Отоманската Империја го толерирала постоењето на училиштата на кои наставата се изведувала на јазиците на соседните пропаганди. Менувањето на тој број обично се движел кон зголемување, што е последица од зголемените аспирации на пропагандите за Македонија по Илинденското востание.[4])

*Ј. АНДОНОВСКА*

## ФОТОГРАФИИТЕ ОД ФОНДОТ НА МИЛТОН МАНАКИ

Во Градскиот архив на Битола се наоѓа документациониот илустративен материјал од Милтон Манаки,првиот снимател на Балканот. Неговиот фонд, богат со фотографии, плочи, филмови, фотографски апарати, филмски камери и друго, грижливо се чува во посебни простории на архивот.

По последните години од животот на Манаки, според негови толкувања, направени се легенди за фотографиите, а тие се евидентирани од службени лица. Така, од 6 000 евидентирани плочи, ископирани се фотографии со одличен квалитет. Секоја фотографија е ставена во плик со означен инвентарен број, а легендите се напишани во неколку инвентарни книги. Иако е ова само едно грубо средување, по кое секако ќе следи целосно стручно обработување, материјалот е прилично достапен и од него со малку повеќе време може да се добие претстава за содржината и значењето на фотографиите.

Временски, фотографиите почнуваат од 1898 г., од кога датира и ателјето на Манаки, па сè до последните години од неговиот

---

[4]) Во излагањето се опфатени и училишта што немале пропаганден карактер, со намера да се прикаже интересирањето на Бугарската егзархија за нив.